**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, УКИМ – Скопје**

**СООПШТЕНИЕ**

**за студентите кои студираат на прв циклус на студии**

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ НА ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР во учебна 2025/2026 година**

- ✔ Индекс во кој се запишани предметите од зимскиот семестар со **добиените потписи од предметните професори** со што се потврдува исполнување на предвидените обврски,
- ✔ Уплатница за платена рата за заверување на семестар (за студентите кои школарината/партиципација ја плаќаат на рати) на жиро-сметка на Филозофски Факултет и тоа:

Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет
Банка на примачот: Народна банка на РСМ
Сметка: **100000000063095**
Сметка на буџетски корисник: **1600104227 788 18**
Приходна шифра**: 723012**
програма: **41**, (на уплатница ПП 50)

**Редовните студенти**, кои студираат на прв циклус на студии задолжително го заверуваат зимскиот семестар.
**Вонредните** студенти не заверуваат семестар. Тие треба да достават уплатница за платена рата.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР во учебната 2025/2026 година**

***Сите студенти, редовни и вонредни,*** кои студираат на прв циклус на студии задолжително треба да го запишат летниот семестар. Семестарот задолжително го запишуваат и студентите кои ги имаат положено сите испити, но се уште не дипломирале.

Потребни документи:

- ✔ Индекс во кој ќе бидат запишани предметите од летниот семестар
- ✔ Уплатница за уплатена рата од 100/200 евра (рата од школарина/партиципација во согласност со склучениот договорот за студирање) во денарска противредност според средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќањето.

Уплатата треба да се изврши на жиро-сметка на Филозофски Факултет и тоа:
Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет
Банка на примачот: Народна банка на РСМ

Сметка: **100000000063095**
Сметка на буџетски корисник: **1600104227 788 18**
Приходна шифра**: 723012**
програма: **41**, (на уплатница ПП 50)

✔ уплатени <u>150,оо денари</u> за **активности на Факултетско собрание** на жиро-сметка на Филозофски факултет: Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет, Банка на примачот: НБ на РСМ, Сметка: 100000000063095, Сметка на буџетски корисник: 160010422778818, Приходна шифра: 723119, програма:41, повикување на број /задолжување: 723119-1118 (на уплатница ПП 50);

✔ Уплатница за уплатени <u>100,00</u> денари за **е-обрасци на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, со назнака за „**обрасци за запишување и заверка на семестар“**

Назив на примачот: Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје
Банка на примачот: Народна банка на РСМ
Сметка: **100000000063095**
сметка на буџетски корисник **1600103689 788 18**
приходна шифра **723019**, програма **41** (уплатница ПП 50)

**Заверувањето на зимскиот семестар и запишувањето на летниот семестар задолжително се врши во периодот од <u>3.2.2026 г. до 18.2.2026 г.,</u> а ќе се одвива по следниот распоред:**

| | |
|---|---|
| **Втор семестар** | **3 и 4.2.2026 г.** |
| **Четврти семестар** | **5 и 6.2.2026 г.** |
| **Шести семестар** | **9 и 10.2.2026 г.** |
| **Осми семестар** | **11,12, 13.2.2026 г.** |
| **Десетти семестар** | **16,17 и 18.2.2026 г.** |

Студентите кои од оправдани причини не можат да дојдат во посочените термини истото можат да го направат најдоцна до 20 февруари 2026 година, но под услов претходно електронски да го запишат семестарот најдоцна до 18 февруари 2026 година.

Студентите не се обврзани лично да го извршат заверувањето и запишувањето на семестарот.

**Заверувањето на зимскиот семестар и запишување на летниот семестар после наведените рокови со паричен надомест од 1500,00 денари (**согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилта и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“) **е можно само во исклучителна ситуација, но не подоцна од четири недели од почетокот на семестарот и тоа врз основа на поднесено барање на студентот со приложена документација со која релевантно докажува прифатливи причини за спреченоста за ненавремено заверување и запишување на семестарот, како и образложение за надокнадување на пропуштените обврски од наставата. Барањето се доставува до продеканот за настава на одобрување.**

***<u>ВАЖНО</u>:***

Сите студенти пред да ги поднесат потребните документи за запишување на летниот семестар во Одделението за студентски прашања на факултетот во наведените термини треба:

- во индексот задолжително да ги имаат оценките од положените предмети во летните семестри
- во Iknow системот да го запишат **летниот семестар** 2025/2026 година и да ги **запишат предметите** од летниот семестар утврдени со студиската програма.

Студентот прво ги запишува заостанатите неположени задолжителни и изборни предмети од летниот/те семестар/и, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што збирот на бројот на кредитите од запишаните предмети во семестарот **не** смее да изнесува повеќе од 35 кредити.

**Промена на изборните предмети може да се направи најдоцна 18.2.2026 година.**

Студентите кои ги имаат исполнето условите за запишување на летниот семестар (оценки во индекс и во Iknow системот) административните обврски во Одделението за студентски прашања можат да ги завршат пред 3 февруари 2026 година.

**НАПОМЕНА:**

**Студентите кои ќе извршат електронско плаќање и запишување на семестарот потребно е да дојдат во посочените термини.**

За дополнителни информации студентите можат да се обратат кај координаторот на студиската програма.

**<u>Работното време со студенти во периодот од 3.2. до 18.2.2026 година ќе биде од 8.30 до 14.00 часот</u>** (пауза од 10,00 до 10,30 часот).

Од Деканатот